МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**- Управа за хидрометеоролошки работи -**

СЕКТОР ЗА МЕТЕОРОЛОГИЈА

06.01.2019

**ПРЕГЛЕД НА ТЕМПЕРАТУРИТЕ НА ВОЗДУХОТ И
КОЛИЧЕСТВОТО НА ВРНЕЖИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

Месец декември 2018, се карактеризира со период од над 20 дена под нулата минимални температури (со исклучок на Гевгелија) или постудено од вообичаено и подпросечни количества на врнежи, односно средно суво време.

Средната месечна температура варирала од 5,0°С во Гевгелија до -0,8°С во Маврово. Споредено со многугодишните (1981-2010) декемвриски средномесечни температурни вредности, овогодинешните (2018) се пониски за 0,4 степени целзиусови на ниво на држава.

Највисоката максимална температура била 18,4°С, измерена на 23-ти во Гевгелија, додека најниската максимална 10.4°С била измерена исто на 23-ти во Маврово.

Ниски, под нулата температури се регистрирани на целата територија на Република Македонија. Најниската минимална температура од -12,1°С, на 13-ти е измерена во Берово и била 14 степени целзиусови повисока од најниската апсолутна (1961-90), додека највисоката минимална температура -5,3°С била измерена на 7-ми во Скопје.

Во месец декември 2018, било изразито суво во почетокот на месецот за да од 9-ти до 19-ти со тридневни прекини и 25-ти се регистрираат мали за овој период од годината врнежи од дожд, снег и замрзнат дожд. Врнежите биле регистрирани на целата територија на Република Македонија, со исклучок на Гевгелија каде врнежите биле само од дожд. Месечната сума на врнежи варирала од 12,6мм во Штип до 62,6мм во Маврово.

Максималната акумулирана дневна сума на вода од 24,4мм, била регистрирана во Берово на 17-ти, со разлика од -60мм од апсолутно максималните (1961-1990).

Споредено со декемвриските многугодишни просечни вредности (1981-10), измерените декемвриски (2018) месечни суми на врнежи биле под просечните количества, за 51% помали од просечните на ниво на држава.

Изработил:
М-р Лидија Стојова
Проверил:
С.Моневска
Одобрил:
Н.Алексовска

Директор,
м-р Ивица Тодоровски